Бр./Nr 12-1934/2

03-09-2026 Д./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1934/1 од 07.05.2026 година, оформена по наводи за незаконито и коруптивно постапување при вршење на судиска функција во предмет П1----- на Основен суд ----- од страна на судијата ------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1934/1 од 07.05.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на ------- преку полномошник адвокат ------- од Скопје, на ден 07.05.2026 година е доставена пријава заведена под број 12-1934/1, со наводи за незаконито и коруптивно постапување при водење на постапката П1----пред Основен суд ------ од страна на судијата -------.

Во пријавата се наведува дека во предметната постапка судот донел пресуда врз основа на признание, без одржување на расправа и без изведување на докази, иако станувало збор за утврдување право на сопственост на недвижен имот врз основа на усмен договор за дар. Подносителот наведува дека признанието било дадено од

лице кое немало својство на единствен наследник, како и дека во списите на предметот не постоело полномошно издадено на адвокатот кој бил наведен како полномошник на тужителите.

Понатаму, во пријавата се наведува дека судот ја доставил пресудата до лице кое немало уредно полномошно, дека пресудата подоцна била искористена како основ за поведување кривична постапка против подносителот, како и дека постоеле околности кои според подносителот упатувале на незаконито и координирано постапување спротивно на закон.

Од причина што во случајот се работи за предмет во чиј опфат веќе е донесена судска пресуда, а имајќи предвид дека согласно член 40 став 1 алинеи 5 и 14 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ", бр.269/2025), Судскиот совет е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, по разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија и донесената пресуда, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава ќе се достави на Судски совет на Република Северна Македонија.

По разгледувањето на наводите во пријавата и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во конкретниот случај нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што предметната пријава ќе се достави на понатамошно надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата